**Заклучоци од спроведениот мониторинг на мерките во рамки на Програмата на Влада 2021 – 2024 за периодот октомври 2020 – март 2021**

Шеснаесет мобилизатори на заедницата во рамки на проектот „Поддршка на изборните реформи во република Северна Македонија„ во периодот октомври 2020 – март 2021 спроведуваа мониторинг на оставрувањетпо на ветувањата на политичките партии дадени во предизборниот период во рамки на изборните програми, односно потоа преточени во рамки на Програмата на Владата 2021 – 2024 година. Мониторингот се спроведуваше во шест области и тоа: економија, култура, правда, социјални прашања, здравство и образование и опфати 16 сетови мерки чија што реализација се следеше во наведениот период. Во продолжение дадени се резултатите од следењето и заклучоци за напредокот по области и во рамки на мониторираните мерки. Следењето се спроведуваше според утврдени методи за прибирање податоци како што се десктоп анализа, интервјуа, анкети и испраќање на барања за информации од јавен карактер до институциите. Резултатите и наодите се претставени врз основа на материјалот кој мобилизаторите успеаа да го соберат и кој им беше ставен на располагање. Оттаму, не ја исклучуваме можноста кај некои мерки да има разлики помеѓу наодите од мобилизаторите и сегашната фактичка состојба.

- Споредба на напредокот по области

Кај четири од вкупно шест области кои се предмет на мониторинг се забележува придвижување или делумен напредок во остварување на предвидените мерки кои се мониторираат како што е прикажано на Графикон број 1. Напредок бележат областите економија, правда, здравство и образование, при што најзначаен напредок во реализација на мерките предмет на мониторингот има во областа образование и здравство. Областа социјални прашања бележи многу мал напредок додека областа култура нема напредок затоа што воопшто не се отпочнати активности поврзани со мерките предмет на следењето. Треба да се истакне дека во овие две области предзвик беше и обезбедувањето на точни и ажурни податоци во врска со мерките кои се мониторираа.

Скалата на напредокот е дефинирана на следниот начин:

1 – 1,5 нема напредок и е обележана со црвена боја

1,6 – 2,5 придвижување или делумен прогрес

2,6 – 3 континуиран напредок или оствареност




- Споредба на напредокот по области, по квартали

Споредено по квартали на мониторингот во првиот квартал најголем напредок бележат областите економија, образование и здравство додека најмал напредок е забележан во областа правда како што е прикажано на Графикон бр.2. Помеѓу квартали најголем напредок има во областите правда и образование.



- Споредба на напредокот по мерки, по квартали

Во продолжение на Графикон бр. 3 прикажан е напредокот по мерки во рамки на шесте области. При тоа најмногу напредок помеѓу квартали може да се констатира кај мерките во областите Правда и Образование, особено делот дигитално образование. Кај некои мерки во областа социјала се забележува намалување на напредокот делумно заради непристапноста до информации за конкретните мерки, но и заради случувањата во контекстот и влијанието на пандемијата со Ковид 19 која до некаде го ограничуваше целосното имплементирање на зацртаните мерки.

